Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Бр. 02-1864/1 23.03.2023 год. СКОПЈЕ

Врз основа на чл.480 ст.3 од законот за трговски друштва, Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје до Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје поднесува

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА**
**на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје**
**за 2022 година**

Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото, има овластување да врши надзор врз управувањето со Друштвото кое го врши Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, како и да врши увид и да ги проверува книгите и документите на Друштвото.

Извештајот се поднесува со цел акционерите да се запознаат со превземените активности на Надзорниот одбор на Друштвото.

Надзорниот одбор на одржаните седници ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања, согласно Статутот на друштвото и Законот за трговските друштва.

На состанокот одржан на 22.03.2023 година Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, согласно своите надлежности ја разгледа Годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2022 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото изготвен од Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, со предлог одлуката на Управниот одбор за усвојување на годишната сметка, предлог одлуката за распределба на добивката по годишната сметка за 2022 година, извештајот за извршената ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2022 година изготвен од ревизорското друштво ЕФЕКТ-ПЛУС ДООЕЛ Скопје, членка на PKF International, при што констатира дека:

- Годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2022 година изготвена е согласно прописите на Северна Република Македонија и Меѓународните сметководствени стандарди, што е потврдено и од Ревизорската куќа од ЕФЕКТ-ПЛУС ДООЕЛ Скопје.

Согласно погоре изнесената констатација Надзорниот одбор му предлага на Собранието да ја усвои годишната сметка на РЕПЛЕК АД за 2022 година со предложената распределба на добивката.

Активностите на Надзорниот одбор во тековната 2022 година беа насочени кон спроведување на објективна контрола на работењето и управувањето со друштвото.
Главна цел на Надзорниот одбор притоа беше подобрување на квалитетот на работење на друштвото, заштита и зголемување на вредноста на капиталот на друштвото како и реализирање на поставените планови на друштвото.

Во деловната 2022 година Надзорниот одбор ја имаше потребната соработка со Управниот одбор и со Службата за внатрешна ревизија на Друштвото. По направената проверка и извршениот увид во документацијата на Друштвото констатирано е дека работењето на Управниот одбор е во согласност со законските прописи и актите на друштвото. Надзорниот одбор е на мислење дека Годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија е квалитетен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии.
Надзорниот одбор во 2022 година во континуитет го следеше работењето на Управниот

одбор и на друштвото во целина, како и работењето на друштвата во негова сопственост. Надзорниот одбор во текот на 2022 година одржа вкупно десет (9) седници преку кои беше разгледан Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија во Друштвото и притоа констатира дека Службата во 2022 година не утврдила никакви неправилности во работењето на секторите и службите на друштвото, по што едногласно ги одобри Извештаите за нејзината работа.

На седницата одржана на ден 03.02.2022 која беше продолжена на 17.02.2022 година членовите на Надзорниот одбор направија анализа на предлозите за креирање на нов модел на функционално корпоративно работење, анализа на структурата и состојбата на компанијата, анализа на финансиската состојба на Групацијата Реплек. Беа дадени насоки до Управниот одбор на друштвото за креирање на нов корпоративен раководник.
На седницата одржана на ден 16.03.2022 година ги разгледуваше материјалите за Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД закажано за ден 27.04.2022 година, со предложените одлуки од Управниот одбор.
На ден 08.04.2022 година Надзорниот одбор направи симулација на претстојното собрание на акционери на РЕПЛЕК АД закажано за ден 27.04.2022 година.
На својата седница одржана на ден 20.07.2022 година Надзорниот одбор даде согласност за отпочнување на постапката за прибирање на писмени понуди во врска со потенцијалната продажба и отуѓување на Реплек Маркет Дооел. Беше разрешен членот на Управниот одбор Цане Талевски поради негово заминување во старосна пензија и се именува нов член на Управен одбор – Панче Гелевски. На истата седница презентација имаше Директорот на сектор Човечки ресурси – Дојранка А. Цветковска која членовите на Надзорниот одбор ги запозна со плановите за работа на секторот.
Презентацијата на Директорот на сектор Финансии Душко Дрваров и Информацијата од Претседателот на У.О. Душан Пецовски за поставување на фотоволтаици беше разгледувана на седницата која Надзорниот одбор ја одржа на ден 24.10.2022 година.
На ден 11.11.2022 година Надзорниот одбор донесе одлука за разрешување на членот на Управниот одбор – Александар Томовски по негова претходно поднесена оставка.
Директорот на сектор Финансии на седницата на Надзорниот одбор одржана на ден 24.11.2022 година го презентираше планот за вложувања, а пак на седницата на ден 27.12.2022 година одборот го разгледуваше Годишниот отчет на менаџерскиот тим на Реплек, презентиран од Претседателот на Управниот одбор -Душан Пецовски.

По разгледување на предложените Одлуки, Надзорниот одбор му предлага на Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје на седницата која ќе се одржи на ден 26.04.2023 година да донесе Одлуки за нивно усвојување.

Во текот на 2022 година работењето на Надзорниот одбор беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговски друштва и Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје.

**РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ**

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Антонио Георгиевски**

Друштво за медицинско снабдување РЕПЛЕК АД Увоз-извоз Скопје